Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 08-262/1
28.02 2025 год.
ЗРНОВЦИ

*ЗАПИСНИК БР.50*

Од одржаната 50-та редовна седница на Советот на Општина Зрновци одржана на ден 28.02.2025 год.со почеток во 12:00 часот во просториите на Општина Зрновци во Зрновци.На седницата беа присутни 9 советници.Останати присутни:Градоначалникот Борчо Коцев,Ивана Ефтимова-записничар и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

*ДНЕВЕН РЕД*

1.Усвојување на записникот од 49-та седница на Советот на Општина Зрновци

2.Извештај од Градоначалникот за работењето на локалната самоуправа за 2024 год.

3.Осврт за работата на Советот за 2024 год.

4.Одлука за давање на согласност на Програмите за екскурзии за учебната 2024/25год.на ОУ Синиша Стоилов

5.Одлука за усвојување на Полугодишен извештај за работењето на ОУ Синиша Стоилов Зрновци во учебната 2024/25год.

6.Одлука за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ЈОУДГ Бисерчиња Зрновци за период од септември 2024.год. до јануари 2025год.

7.Предлог -Програма за урбано уредување,партерно уредување и уредување на детски постоечки игралишта со нова опрема.

8.Предлог- Одлука за кофинансирање на средства од сопствен Буџет на Општина Зрновци во висисна од 243.000 денари за реализација на проект Доградба и реконструкција на ОУ Синиша Стоилов.

9.Разно

Претседателот на Советот на Општина Зрновци Виктор Анакиев,информира дека втората и третата точка од дневниот ред ке бидат одложени за наредната седница кога ке бидат усвојувани завршните сметки и измена на првичниот дневен ред со додавање на седма и осма точка, предлог на Градоначалникот.Тоа е дневниот ред со допуните и измените.Праша дали некој има забелешка по одредена точка,бидејки никој не се јави ,Предлог дневниот ред е ставен на гласање.Гласаа 9[девет]советници ЗА со што **Дневниот ред е усвоен.**

**Тек на седницата**

**1.Усвојување на записникот од 49-та седница.**

Претседателот ги праша советниците дали некој има забелешка кон записникот,бидејки никој не се јави за збор,Записникот е ставен на гласање и изгласан со 9[девет]гласа ЗА,констатирано е дека **Записникот е усвоен**.

**4.Одлука за давање на согласност на Програмите за екскурзии за учебната 2024/25год.на ОУ Синиша Стоилов.**

По оваа точка зеде збор директорката на ОУ Синиша Стоилов,Слаџана Гаврилова која кажа дека Програмите за изведување на екскурзиите се вкупно пет и тоа План и програма за екскурзија за трето одделение,План и програма за екскурзија за шесто одделение,Програма за изведување на тридневна екскурзија за деветто оддлеление,План и програма за еднодневен пролетен излет за сите одделенија и Програма за организирање и реализација на настава во природа со ученици од петто одделение.Напомена дека овие програми се веќе поминати на Наставнички Совет,Совет на родители и Училишен одбор.Од како се направи измена и дополнување истите се испратени и до Бирото за образование и добиена е согласност од нив, а доколку се добие и согласност од Советот ќе се започне процедура со објавување на Огласот за прибирање на понуди,порано за да може навремено да се организира процесот и родителите да можат да плаќаат на рати.Директорката даде објаснување за секоја екскурзија поединечно,која е маршутата,описот,задачите ,целите ,содржините,кои ке бидат одговорни одделенски и предметни наставници.Последната програма која што е првпат спроведена во училиштето за организирање и реализација на настава во природа на ученици од петто одделение.Оваа година решивме да добиеме одобрение да видиме дали можеме да реализираме таква екскурзија.Градоначалникот зеде збор и ја праша директорката дали екскурзијата е само за петто одд.,на што директорката одговори дека само петто одд. имаат конкурирано со Предлог програма.Претседателот праша дали некој има прашање за екскурзиите на што зеде збор советникот Виктор Новков,кој се обрати до директорката во врска со екскурзијата за петто одд.и потенцираше дека нема ставено лимит на цената,надоврзувајќи се на ланската година ,стануваше збор исто за Охрид за деветто одд.која што цена изнесуваше енормно висока за родителите.Дали се има ставено лимит до каде можат да одат туристичките агенции,бидејки барањата кои се ставени во самата програма би изнесувале околу 20.000ден.по ученик.Советникот исто така истакна дека има информации од други училишта за истата екскурзија и дека имаат ставено лимит на агенциите до 10.000ден.Директорката кажа дека тоа ќе се направи во самиот оглас кога ке се прибираат тендерски понуди.Градоначалникот зеде збор кон директорката дали оваа екскурзија е врз основа на предлог на родителите,на што директорката одговори потврдно заедно со одделенскиот раководител.Ќе се прибираат писмени понуди,а не со јавна набавка и дека оваа екскурзија не е задолжителна за разлика од останатите.Градоначалникот се обрати кон директорката зошто седмо и осмо одд. не се вклучени во програмите освен во еднодневната,на што директорката одговори дека седмо одд.биле лани, па ке бидат повторно во деветто.Градоначалникот кажа некои од учениците да не бидат ускратени да не одат на екскурзија ,и дали немало интерес кај предметните наставници за да предложат програма за седмо осмо одд.Исто така Градоначалникот напомена дека сака да се одржи состанок со класните раководители на седмо и осмо одд.и претставник од Советот, и до каде ѓи испраќаат Програмите за екскурзија на што директорката одговори до Министерството за образование,рокот се уште не е поминат и може да се испрати допис,дополнително да се вклучат сите одделенија во Програмите за екскурзии.Претседателот,дали некој има

забелешка,прашање,бидејки никој не се јави за збор,точката е ставена на гласање.Гласаа 9[девет]ЗА.Претседателот констатира дека **Одлуката за давање согласност на Програмите за екскурзии за учебната 2024/25год.на ОУ Синиша Стоилов со одредената допуна е усвоена.**

**5.Одлука за усвојување на Полугодишен извештај за работењето на ОУ Синиша Стоилов Зрновци во учебната 2024/25год.**

По оваа точка збор зеде директорката,го презентира и објасни Полугодишниот извештај.По исцрпното објаснување од страна на директорката,Претседателот праша дали некој има нешто да каже,забелешка.Градоначалникот се јави за збор кој упати пофални зборови до директорката за деталниот Полугодишен извештај и за остварените училишни и вон училишни активности.Градоначалникот имаше забелешка кај делот за Стручно и педагошко усовршување на директори и наставници,стручни соработници,подршка на учениците,за педагогот дали е одржана и како се вика работилницата.Директорката одговори дека гласи:Научи да пишуваш проекти за образовна институција ,обуката е одржана но не е добиено сертификат.Градоначаликот постави прашање од која страна е одржана обуката, на што директорката одговори дека е одржана од страна на агенцијата која М.О.Н.ѓи праќа како партнери на нив и е одобрена нивната пракса за да одржуваат обуки,педагогот бил на обука во врска за проекти.Градоначалникот се надоврза и кажа дека се работи на две значајни проектни задачи .Едната проектна задача е за започнување на основен проект со ревизија за доградба или изградба на нов објект во училишиот двор односно до спортската сала со намена за теретана и фитнес справи.Некаде за два месеца ќе биде завршен тој основен проект,ке се видат средства ,а другиот е комлетно изградба на нова зграда на местото на подрачното основно училиште во Видовиште,со изградба на спортски терен како и партерно уредување.Во блиска иднина со одлука на Советот и во преговори со Министерство за образование бидејки повеќе од десетина години не функционира училиштето ,наша обврска е да се направи инфраструктура а дополнително со одлуки од Советот може да се направи преадаптација за користење на тој простор.Дали ке остане образованито да менаџира,дали ќе се направи нова локална институција или сето ќе биде реализирано со јавно приватно партнерство со услови ќе ги наложиме на приватниот партнер да ни овозможува услуги како за институциите така и за жителите.Инвестицијата може да достигне од 20.000.000,00 до 30.000.000,00денари,етапно ќе работиме ,самата постоечка зграда терминолошки кажано од страна на архитектот и проектантот е рушевина каде не може да се реконструира и надградува затоа што нема железо во самата градба.Подобро на почетокот да се сруши и изгради нова зграда и еден спортско рекреативен едукативен центар.Целта е да сепривлекуваат посетители.Директорката зеде збор и кажа дека се само двајца во училиштето кои се обучени, на што Градоначаликот го предложи Благој Данев на располагање,дадено е насоки на Благој наредната недела да се завршат и двете проектни задачи бидејки проектантот ги чека да се започне со проектот.Претседателот,дали некој има да додаде нешто по оваа точка.Бидејки никој не се јави за збор точката беше ставена на гласање.Гласаа 9[девет]ЗА.Констатирано е дека **Одуката за усвојување на Полугодишниот извештај за работењето на ОУ Синиша Стоилов во учебната 2024/25год.е усвоена.**

**6.Одлука за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ЈОУДГ Бисерчиња Зрновци за период од септември 2024год.до јануари 2025год.**

По оваа точка Претседателот зеде збор и кажа дека директорката на детската градинка Бисерчиња е оправдано отсутна, па затоа тој ќе го презентира Полугодишниот извештај.Праша дали некој има забелешка со Полугодишниот извештај .Градоначалникот зеде збор во контекст на извештајот да се информира и Советот дека пред околу месец ипол,аплициравме со проект Доградба на детска градинка и дека е остварена комуникација со Министерство за труд ,проектот е прифатен,некаде до јуни месец се завршните постапки односно ќе следува посета од страна на проектанти и надзор од Светска банка во воучување на фактичката состојба,спроведување на проектот и ќе се добие една нова целина којашто ќе овозможи нормално функционирање на вработените,а и дополнително нови две занимални за зголемување на капацитетот на детската градинка.Јуни месец може да се почне со градежни активности.Претседателот праша дали некој има нешто да дополни,да праша или забелешка. Бидејки никој се јави за збор,точката беше ставена на гласање.Гласаа 8[осум]ЗА и еден без право на глас бидејки е вработен во градинката. Констатирано е дека **Одлуката за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на ЈОУДГ Бисерчиња Зрновци за период од септември 2024год.до јануари 2025год.е усвоена.**

**7.Прелог-Програма за урбано уредување,партерно уредување и уредување на детски постоечки игралишта со нова опрема.**

Претседателот објасни дека ова е нова програма која до сега ја немаме во годишните програми, врз основа на барање на жителите.Претседателот ја прочита програмата.По оваа точка збор зеде Градоначалникот.Се што работи локалната самоуправа започнува со одлука на Советот и донесени програми за работа,кога беа донесни програмите кон крајот на 2024год.,за 2025год.оваа програма не беше донесена,но тоа што е ветено за жителите и реалната потреба е обнова на реквизитите ,обнова на урбаната опрема и дополнително некое партерно уредување на предлог на жителите и од страна на советниците.Моментално течат три повици за аплицирање на проекти преку Министерство за локална самоуправа,намалување на дисперитети односно разлики помеѓу населените места,преку Бирото за рамномерен регионлен развој кој што опфаќа специфичен развој на села и развој на урбани подрачја ,каде што врз основа на оваа програма можеме да конкурираме со спецификации или проект.Проект би се однесувал за изградба на комплетно нов парк ,а со спецификации за одредени стоки би се однесувало за набавка на нови детски реквизити,и тоа не само што ги имаме веќе постоечките помали,значи се однесува на реквизити од поголем размер со поголеми димензии и помасивни.Некаде до 15-ти март е повикот ,се има време да се аплицира и да се обезбедат финансиски средства,а и таму каде што ќе можеме со наши финансиски средства ќе учествуваме.Паралелно на ова има уште еден повик преку Светска банка ,онаму каде што се има реализирано улици,локални патишта,кај нас тоа е локалниот пат Мородвис-Зрновци,кој што е завршен пред извесно време,покрај нив имаме право да конкурираме за збогатување на содржини,моментално се изготвува проект за тротоар од детската градинка до повеќе наменското спортско игралиште,со новата содржина фитнес на отворено да биде опфатена со тартан подлога,како и урбана опрема за содржината на етно паркот.Од овие цели е донесување на оваа програма која што од понеделник ке се искористи за аплицирање.Претседателот,дали има некој да праша нешто.Бидејки никој не побара збор точката е ставена на гласање.Гласаа 9[девет]ЗА.Констатирано е дека **Предлог-Програмата за урбано уредување ,партерно уредување и уредување на детски постоечки игралишта со нова опрема е усвоена.**

**8.Предлог одлука за кофинансирање на средства од сопствен Буџет на Општна Зрновци во висина од 243.000денари за реализација на проект Доградба и реконструкција на ОУ Синиша Стоилов Зрновци.**

По оваа точка зеде збор Градоначалникот и објасни дека започната е постапка комплетно проект со ревизија за доградба и реконструкција на училишна зграда на ОУ Синиша Стоилов.Проект кој е со финансиска конструкција од 5.075.000,00денари,кој што на форумските сесии уште 2024год.на двегодишните развојни програми преку Бирото за регионален развој беше ставен.Општина Зрновци како партнер за реализација на овој проект тогаш беше зацртано да имаме учество со 10% односо околу 507.551денар,по согледување на новата програма за 2025год.Центарот за Источно Плански Регион го аплицира проекот во наше име како партнери преку програмата за намалување на дисперитети,а истиот ќе обезбеди 4.833.333,00денари,до разликата 5.075.512,00денари е 243.000денари,значи ако од почетокот трбало да е со 507.000денари,сега е некаде на пола 243.000ден.,ќе бидеме партнери во кофинансирање.Овој проект со реализација заради безбедносни причини би го почнале со започнување на летниот распуст.Ќе се добијат три нови комплетно уредени простории односно за шестите одделенија ,и една просторија која би била наменета за ученици со посебни потреби за поголема анимација и образование. Основното образование има соппствен буџет ќе се види и правно како да се донесе одлука овие 243.000денари да бидат финансирани од основното училиште.Општина Зрновци е партнер во финансирање и аплицирање на објект заедно со Центарот за Источно Плански Регион.Претседателот,дали има некој да праша нешто.Бидејќи никој не се јави за збор,точката ставена на гласање.Гласаа 9[девет]ЗА.Констатирано е дека **Предлог одлука за кофинансирање на средсва од сопствен Буџет на Општина Зрновци во висина од 243.000ден.за реализација на проект Доградба и реконструкција на ОУ Синиша Стоилов Зрновци е усвоена.**

**9.Разно**

По оваа точка зеде збор Градоначалникот,информира дека на задоволство на жителите на Општина Зрновци,а и на жителите на с. Мородвис после неколку децени се врши асфалтирање на нов локален пат во Мородвис,средствата се обезбедни од повикот за финансирање на проекти преку Министерство за локална самоуправа во септември 2024год.околу 2.700.000.00денари беше за локален пат с.Мородвис и околу 2.750.000.00ден.за реконструкција на главен доводен цефковод.После завршување на изградба на трасата,во тек се веќе асфалтирањата,а за вториот проект во вторник истекува рокот за жалба од поднесените економски оператори за јавна набавка.Наредната недела конкретно до петок ќе се изврши воведување во работа и ќе настојуваме веднаш да се почне со работа пред зголемување на температурите и потребите за поголемо количество вода во домаќинствата.Со реализација на вториот проект ќе се створат услови за менаџирање и користење на цефководот од 16 до 20 литри во секунда,реална потреба за снабдување на домаќинствата во трите населени места.Претседателот праша дали некој има некоја забелешка,на што се јави советникот Виктор Новков кој постави прашање до Градоначалникот,за проектот за реконструкција на цефководот,дали има размислувано за друг начин на водоснабдување за време на реконструкцијата на цефководот.Градоначалникот објасни дека имаме изградено нов резервоар за водоснабдување,оние резервоари што се источно од река Зрновка ги снабдуваат ¾,додека резервоарот што е јужно од Зрновци,кој што

на еден начин би бил како препунктна станица за ¼ на населението во Зрновци односно покрај улица Илинденска што гравитира спрема Мородвис,а во блиска иднина ќе дистрибуира вода за Мородвис и Видовиште.Со стручни лица кои беа на терен,многу мал период ќе има недостаток на вода,и тоа ќе се гледа тој период да е преку ден.Нема да биде повеќе денови затоа што ќе се почне од јужната страна,теренот е попристапен,онаа цефка која ја минува реката останува како статична,за многу пократко ќе се заврши тој дел,додека источната страна на околу 100 метри од кракот за реконструкција е предвидено рачно и со компресор копање.Цефките кои што ќе се вградат ќе бидат полиетиленски 20 барски,иако максималниот притисок е 16 бара,ставено е уште 4 бара во случај на воздушен притисок.Жителите кои се на јужната страна на ул.Илинденска да не стравуваат дека ќе бидат оставени без вода.Прво ќе се инсталираат земјените работи,па приклучување,значи ќе се оди етапно паралелно до постоечкиот.Претседателот,дали некој има нешто да додаде под точка разно.Бидејќи никој не се јави за збор седницата заврши во13:15 часот.

*Записничар* *Претседател на Совет*

***Ивана Ефтимова*** ***Виктор Анакиев***